Арх.бр. УП1-15 367/2022

Дата 01-03-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Свети Николе, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672, КО Немањици, Општина Свети Николе.**

Предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани се со моќност до 900 kW, и зафаќаат површина од 0,44 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y00622** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе, потребно е да се


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Свети Николе, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 40391 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе. Предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани се со моќност до 900 kW, и зафаќаат површина од 0,44 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 367/2022 од 23.02.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија",


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) опфат север, на дел од КП 2672 во КО Немањици, Општина Свети Николе**, и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk